# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 октомври 2002 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, најстар пратеник во Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ги молам сите пратеници да влезат во салата. Поделете ги картичките на сите пратеници, за да можат да гласаат.

Почитувани гости, во согласност со одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија, имам чест да ја отворам Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија.

(Претседавачот станува)

(Сите стануваат)

(Хорот ја исполнува химната и ја напушта салата). (Аплауз)

Дами и господа пратеници,

Почитувани гости,

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија,господинот Борис Трајковски, претседател и членови на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија господинот Киро Глигоров, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Државната изборна комисија, Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на епублика Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје и на Универзитетот “Свети Климент Охридски” во Битола, Поглаварот на Македонската православна црква, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија, Бискупот на Скопско-призренската бискупија и шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии

акредитирани во Република Македонија и претставници на меѓународни организации во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија:
2. Верификација на мандатите на пратениците:
3. Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и нивни заменици:
4. Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогжениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале вкупно 80 пратеници, за гласале 78 пратеници, воздржано Гласал 1 пратеник, против гласал 1 пратеник.

На места каде што нема картички кои се за? (13)

Ве молам прво колку гласале без картички?

На пратениците што седат таму и каде што може да се гласа со картички, ве молам да им се поделат картичките. (Им се делат картичките).

Оние кои што седат на местото на членовите на Влада тие не може да гласаат, тие ќе гласаат со дигање на рака.

Сите пратеници кои не седат на местата каде што седат членовите на Владата имаат картички.

Ве молам, сега ќе го повториме гласањето. Потоа ќе гласаат сите оние пратеници кои седат на местото на членовите на Владата.

Ве мола да гласаме.

Гласале 94. За гласале 93 пратеници, воздржано гласале 1 пратеник.

Да видиме сега како гласат пратениците што седат на местото на членовите на Владата. ( 14 пратеници)

Значи вкупно гласале 107 пратеника. 107 гласале за.

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој е воздржан? (1)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија.

Верификационата комисија се состои од претседател и 4 члена, а ја избира Собранието по предлог на претседавачот.

За претседател на Верификационата комисија го предлагам пратеникот Славко Петров, а за членови на Комисијата пратениците: Каролина Ристова, Борис Кондарко, Ефтим манев и Теута Арифи.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор?

Има збор, господинот пратеник Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

(Зборува на албански без преведување)

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

(Зборува на албански без преведување)

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се ави господинот Агрон Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

(Зборува на албански без преведување)

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Идејата беше сепак, бидејќи оваа е свечена седница да не мораме преку слушалки сега да се разбираме, меѓутоа, штом се инсистира, нека ги донесат слушалките.

Давам пауза кратка за да се распоределат слушалките.

(По паузата)

Откако се расподелија слушалките повторно зеде збор господинот Агрон Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Што се однесува до господинот Алити и до тројцата пратеници избрани во нашата партија поради Агендата на проектот, тие не се во можност да учествуваат во работата на Парламентот, а сигурно на наредните седници тие ќе учествуваат и ова е едно од прашањата за кои нема простор и не треба да се заплашуваат другите, ние сме решиле да учествуваме тука и да придонесеме во новиот почеток на Македонија во Парламентот. А тоа го покажуваме со денешното учество овдека во овој Парламент.

Ви благодарам многу.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаме за состав на верификационата комисија.

Со картички гласале 92 пратеници, за гласале 90 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, а никој не гласал против.

Ги молам да гласаат оние што не можат да гласаат со картички.

(14 пратеници гласале).

Значи вкупно гласале 106 пратеника, а 104 гласале за.

Констатирам дека за претседател на Верификационата комисија е избран господинот Славко Петров, а за членови на Комисијата се избрани: Каролина Ристова, Борис Кондарко, Ефтим Манев и Теута Арифи.

Го молам претседателот на Верификационата комисија веднаш да свика седница на која Комисијата ќе го разгледа извештајот и другите изборни акти на Државната изборна комисија и на Собранието ќе му поднесе свој извештај со предлог.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата до свечената сала.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата да го подготви својот извештај.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

Предлагам пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,05 часот)

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точка 2.

- Верификација на мандатите на пратениците.

Извештајот на верификационата комисија Ви е поделен.

Отворам претрес по извештајот на Верификационата комисија.

Има збор претседателот на верификационата комисија господин Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Почитуван претседавач на Собранието, почитувани гости, дами и господа пратеници.

Ја користам оваа прилика да гостите да им се заблагодарам за присуството, а на сите вас 119 за кои ставивме предлог да Ви се верификува мандатот, да ви пожелам и да си пожелиме успешна работа на Собранието на новиот состав.

Верификационата комисија на ден 3.10.2002 година, го разгледа извештајот на ДИК за спроведување избори за пратеници на Собранието на Република Македонија во 2002 година и врз основа на констатациите во извештајот што го имавте, донесе едногласен заклучок односно предлог со кој на Собранието му предлага, врз основа на член 12 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да ги верифицира мандатите на 119-те избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој  бара збор?

Има збор, г-дин Чедомир краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Господине претседавач, почитувани гости, ваша екселенцијо, даи и господа пратеници.

Денес за Република Македонија е голем ден, бидејќи денес присуствуваме на чинот на конституирањето на четвртиот по ред парламентарен состав. Во кој правец, почитувани пратеници, јас би сакал да ви го честитам Вашиот мандат, меѓутоа да ви го честитам мандатот само на оние кои денес со своето присуство, практично и го

увеличија овој свечен чин и свечен момент, бидејќи овде вие присутните простум стоевте на македонската химна, гледавте во македонското знаме, и на тој начин изразивте една длабока почит по симболите и атрибутите на Република Македонија.

Овие мои честитки не се однесуваат, пред се на највисокото раководство на пратениците кој го претставуваат највисокото раководство на партијата ДУИ. Тоа се пратениците Али Ахмети, Фазли велиу и Ѓзим Остреми, кои со нивното неприсуство и оваа седница искажаа, наспроти сите вас, едно крајно непочитување на симболите на Република Македонија, на химната , на знамето и на тој начин искажаа еден нехилистички однос кој провејува во континуитет, од нивните предизборни митинзи каде што целата јавност на РМ, и сите ние бевме сведоци дека во ниту еден момент не го видовме државното знаме на РМ, ниту ја слушнавме химната на Република Македонија.

Се плашам дека сит енивни пост изборни изјави, во правец на едни благи најави на почитување на унитарноста на РМ, паѓаат во вода на овој начин, бидејќи ова нивно денешно неприсуство на оваа седница ги доведува во прашање тие нивни првични, би рекол, најави, за залагање за унитарност на Република Македонија.

Ние укажуваме на македонската јавност, во предизборието кога промовиравме потпишување и прифаќање на една декларација за политичка изолација на партијата ДУИ. Меѓутоа, како што е сведок целокупната македонска јавност, а уште повеќе и оние кои не веруваа во тоа, ќе бидат со ова негативно однесување на овие тројца пратеници што предмалку ги спомнав, дека таа политичка декларација за политичка изолација на партијата ДУИ ја потпишаа само носителите на листа од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ЛП, додека сите знаеме дека СДСМ и нивните коалициони партнери ја одбија таа понуда за политичка изолација. Сега, незнам нека суди македонската јавност. На повидок е, како што се и последните изјави на СДСМ дека ќе има една коалиција во извршната власт со претставници од политичката партија ДУИ па нека им е со среќа и на идните коалициони партнери во извршната власт и на Република Македонија, со такви личности.

Што се однесува до извештајот на верификационата комисија сакам да кажам дека коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија ќе гласа позитивно за тој извештај, бидејќи сепак тој извештај е одраз на реалните политички определби на електоратот во Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање извештајот и предлогот на верификационата комисија.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 93 пратеници, и сите 93 пратеници гласале “за”.

Никој не гласал воздржано или против.

Молам, колку гласови имаме од оние кој немаат картички, нека се изјаснат со дигање на рака.

Кој е за (13)

Значи гласале 106 пратеници и сите гласале “за”

Дали некој гласал против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека гласале 106 пратеници и сите гласале “за”.

Констатирам дека извештајот и предлогто на верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на 119 пратеници во Собранието.

(Аплауз)

Со оглед на тоа што на претседателот на Владата на РМ и на одделни членови на Владата, денес им е верифициран мандатот, согласно со член 6 став 1 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија им престанува функцијата во Владата на Република Македонија.

Заради обезбедување на континуитет во работата на Владата на РМ, а согласно член 93 од Уставот на РМ, оваа Влада е во оставка.

Поради тоа Владата ќе ги врши само најнеопходните функции до изборот на нова влада на Република Македонија.

На пратениците кои се носители на функции за кој според член 6 став 1 и 2 од Законот за избор на Пратеници во Собранието на РМ, овие функции се неспоиви со функцијата пратеник, им престанува функцијата.

Пратениците носители на овие функции, функцијата ќе ја вршат до изборот на нови носители на овие функции.

Ја молам службата да го подели предлогот за состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точка 3.

-Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ, и нивни заменици.

Согласно член 19 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на првата седница, по предлог од најмалку 10 пратеници, избира Комисија за прашања на изборите и именувањата која ја сочинуваат претседател и 12 членови и нивни замениви.

Група од 11 пратеници, соодветно застапени од политичките партии, поднесе предлог за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Предлогот за состав на Комисијата за прашања на изборит еи именувањата, ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и нивни заменици.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 93 пратеници.

За гласале 92 пратеници, 1 гласал воздржано и никој не гласал против.

Тоа е гласање извршено со картички.

Сега одиме на гласање без картички.

Кој е за, молам да крене рака. (12)

Значи, “за' гласале 104 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање (1).

Значи воздржано гласале (2).

Дали некој има против? (Никој)

Констатирам дека гасале вкупно 106 пратеници.

104 пратеници гласале за и 2 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека за претседател и членови на Комисијата за прашања на изборит еи именувањата и нивните заменици, се избрани предложените кандидати.

Според Деловникот на Собранието на РМ, кандидат за претседател на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Кандидат за претседател на Собранието може да предложат најмалку 20 пратеници.

Ист пратеник може да биде предлагач само на еден кандидат за претседател на Собранието.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да свика седница, на која Комисијата треба да утврди кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата до свечената сала.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашања на изборите и именвуањата да одржи седница и да му предложи на Собранието кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата Ќе продолжи на знак на ѕвоното.

Предлагам пауза.

(По паузата седницата продолжи во 19,10 часот).

СТОЈАН АНДОВ:

Преминуваме на точката 4-Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија за кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија Ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да го образложи предлогот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседавач, драги гости Ваша екселенцијо, дами и господо пратеници, Комисиајта за прашања на изборите и именвуањата ја одржа својата прва седница со една точка на дневен ред: Избор и предлог за кандидат за избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Притоа беше утврден со мнозинство гласови еден кандидат и тоа магистер Никола Поповски пратеник во Собранието на Република Македонија.

Врз основа на член 21 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Комисијата му предлага на Собранието како кандидат за претседател на Собранието да пристапи кон гласање за магистер Никола Поповски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес по предлогот за избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Почитуван претседавач на Собранието, почитувани гости, почитувани претставници на Владата, почитувани екселенцијо, колеги пратеници, иако денеска оваа седница треба да поприми еден тек на свечена седница, иако оваа седница е конститутивна седница, сепак, е ред да се прозбори и да се кажат неколку збора особено кога станува збор за избор на претседател на Собранието на Република Македонија, функција која во секој случај е една од поодговорните во низата и во редот на поделбата на власта во Република Македонија.

Сега ни е поделен Извештајот на Комисијата за избори и именувања  и за претседател на Собранието на Република Македонија е предложен г-динот Никола Поповски.

Јас сакам само на почеток да укажам на една забелешка по однос на Извештајот на Комисијата. Таму е констатирано дека биле присутни 12 членови на Комисијата од кои што 8 гласале за и 4 гласале против. Меѓутоа и по инсистирање на претставниците од нашата коалиција да се наведат кои гласале против. Тоа не е ставено во Извештајот и би сакал тоа да го прецизирам за запознавање и на колегите пратеници и на пошироката јавност. Факт е еден дека во Комисиајта за избори и именвуања која денеска ја формиравме од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и Либерална партија имаме 4 претставници што е евидентно и јасно дека тие 4 гласале против. Но, од друга страна е многу евидентно и јасно дека останатите 8 членови на Комисијата меѓу кои и претставниците на ДУИ гласале за, што значи го подржуваат овој предлог. Тоа е само колку да се знае за да не создаваме забуна.

Инаку, да кажеме неколку збора за оние кои што можеби не го познаваат г-динот Никола Поповски, јас сум ја имал таа среќа и задоволство да го запознам г-динот Никола Поповски во претходните 4 години, бидејки и двајцата бевме членови на Собранието, го знам и како координатор на пратеничката група на СДСМ и морам да кажам и мој личен став, а  и став на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и Либерална партија, дека ние искрено сме изненадени од овој предлог од проста причина што јас лично очекував барем според она што го слушав и она што го читав во средствата за јавно информирање, а и со оглед на онаа квалификација на неговата стручност

што пишува и во Извештајот дека сепак станува збор за магистар на економски науки, човек кој се докажал со научни трудови и т.н. Очекував дека г-динот Никола Поповски во најмала рака ќе биде член на извршната власт, или ресорот за финансии, или некој дел од таа сфера, а искрено да кажам најмалку очекував дека г-динот Никола Поповски ќе биде предложен за претседател на Собранието.

Ова и од друг аспект. Господинот Никола Поповски беше координатор на СДСМ и сеуште ни се свежи сеќавањата како се одвиваа седниците на Собранието на РМ, да речам по негово диригирање од страна на координатор и опозиција кога во прв ред прво, апсолутно не ја почитуваше функцијата претседател на Собрание на РМ со неговиот однос, со неговите ставови, со неговите искажани зборови и реченици и од говорница и од дофрлувања од место не ја почитуваше таа функција. Од друга страна не малку сме сведоци само колку седници се прекинаа по негово барање, за колку седници само имаше опструкции исто така по негово барање и еве и ден денеска останаа многу незавршени седници заради опструкцијата која ја правеше тогашната пратеничка група, но под водство на г-динот Никола Поповски останаа многу работи не завршени. Значи, со еден збор г-динот Никола Поповски во најмала рака не го почитуваше Деловникот за работа во Собранието на РМ.

Сега се поставува прашање, ако еден човек кој толку добро го кршеше Деловникот за работа на Собранието на РМ денеска треба да биде прв човек претседател на Собранието и тој токму треба да се грижи за спроведување на одредбите од Деловникот. Што значи да воспостави ред во работата, да се грижи за успешна работа на Собранието и нормално да ги спречува токму онаквите активности какви што тој ги правеше во овие 4 години. Јас му посакувам успех во тој дел, меѓутоа да бидам искрен, не верувам дека така брзо тоа ќе го надмине.

Од друга страна да не заборавиме една работа, претседател на Собранието е висока функција, или по хиерархија доаѓа веднаш по претседателот на државата на Република Македонија и во таква ситуација во отсуство на претседателто на Република Макеоднија, претседателот на Собранието го заменува претседателот на Република Македонија со сите негови ингеренции. Исто така, претседателто на Собранието е и член на Советот за безбедност, што значи дека навистина има огромна улога. Таа функција не е за потценување. Зошто го зборувам ова? Затоа што сакам повторно да потсетам на една работа. Еве, наспроти мене тука е г-динот претседател на Република Македонија, човек за кој што ние од денот откако е избран се однесувавме и го почитувавме и како функција и никогаш не го спомнавме

како : граѓанинот Борис Трајковски.  Од почетокот за нас тој беше претседател и сега е и така почитувајки ја функцијата претседател на Република Македонија. Да не заборавиме , ако некој во Собранието овде беше најголем критичар, човек кој што најчесто го кажуваше зборот: граѓанинот Борис Трајковски, тоа беше токму г-динот Никола Поповски. И дури толку го убедуваше и парламентарното мнозинство и јавноста дека тој е нелегитимен избор, и дека никогаш тој нема да  прозбори и да го прогласи за легитимен претставник на државата, поточно за претседател на Република Македонија. Тоа се негови зборови. Потоа, познато ни е на сите под водство на неговиот лидер преку ноќ се смени тој став, незнам дали тој став ротира кај г-динот Поповски. Но, факт е дека одеднаш претседателот на државата стана претседател. Искрено не слушнав г-динот Поповски да го спомне како претседател. Дури и на последните седници го слушав: Борис Трајковски , или граѓанинот и т.н. Сега зошто го потенцирам ова. Самата функција претседател на Собранието е во тесна врска со претседателто на Република Македоднија. Кога еден претседател на Собрание треба да го заменува претседателот на Републикат, јас се прашувам каков ќе биде тој однос, таа корелација помеѓу претседателто на Републиката и претседателто на Собрание кога до вчера тој не беше за него претседател, значи не бил легитимен орган, туку бил, граѓанинот Борис Траковски, или да не се изразам сега погрубо, молерофарбачот и т.н. Меѓутоа факт е дека така се изјаснувавте, ако не Вие директно, вашата пратеничка група и партија.

Денеска после вашиот избор г-дине Поповски сериозно ќе треба да размислите дали г-динот Борис Трајковски нашиот претседател на Република Македонија е легитимен претставник на оваа држава, дали е избран на фер и демократски начин, или сеуште ќе тврдите и ќе мислите дека тој е нелегитимен претставник, поточно е избран како што тврдевте на фалсификат и на начин на кој што не му дава право да седи овде. Тоа е по однос на оваа работа.

Би сакал да кажам уште нешто, една е вистината и еден е фактот. Во секој случај македонската историја на макеоднската држава ги бележи сите настани, сите личности кои што стануваат функционери на една ваква висока функција помеѓу другото и на претседател на Собрание.

Господинот Поповски ќе биде избран, тоа е факт. И тој вака, или онака ќе влезе во историјата на македонската државност, ќе биде запаметен и запишан дека бил претседател на Собранието покрај оние досега што сме ги имале. Сигурно дека тој избор нема да заврши со Никола Поповски, ќе се редат и други претседатели.

Меѓутоа, би сакал да ја потсетам и македонската јавност, а и сите нас овде присутни дека г-динот Никола Поповски ќе биде запаметен во историјата и по една друга работа. Г-динот Никола Поповски е и првиот човек кој најверојатно ќе влезе повторно запишан во историјата на макеоднската државност, македонскиот народ, тој е првиот човек, првиот преговарач кој што ја доби таа улога да седне и да разговара и преговара со командантите на ОНА, сега како нејзини политички претставници по однос на формирањето на извршната власт. Вие, г-дине Поповски ја имавте токму таа улога и по тоа сигурно ќе бидете запаметени во историјата на макеоднскиот народ и макеоднската државност. Зошто го спомнувам сега ова? Ако се потсетиме г-дине Поповски, вие бевте и познат колумнист во “Дневник” Сега долго време ве нема. Имавте добри колумни, имавте храброст и на сопствениот лидер да му противречите преку колумните, но имавте храброст да напишете една колумна во која остро го критикувавте начинот, односно смислата на разговор и недај Боже преговарање со терористите, поточно со оваа структура на ОНА која денеска ни е олицетворена преку политичката партија ДУИ. Меѓутоа,токму вашиот камелеонски став, ротирањето на ставот кога одеднаш тоа не ви присмета, бевте тој прв човек кој седна да преговара ,вие лично од името на вашата партија за формирање на идната влада. Дека тоа тече добро потврда е и денешното гласање од страна на ДУИ. Мислам се е јасно во тој дел. Меѓутоа, не ми е јасно навистина г-дине Поповски како можевте да ја прифатите таа улога на прв преговарач. Токму овие се причините почитувани пратеници, почитувани колеги поради кои што ваквите камелеонски ставови на г-динот Никола Поповски не ни даваат за право да го подржиме и ние , зборувам за коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и Либерална партија ќе гласаме против овој предлог.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Макеоднија и член 24 од Деловникот , Собранието од редот на пратениците избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Согласно одредбите на Деловникот на Собранието, претседателот на Собранието се избира со јавно гласање, но изборот може да биде и со тајно гласање по предлог на еден пратеник чие барање го подржуваат 10 пратеници.

Преминуваме на гласање.

Предлгоот пратеникот Никола Поповски да биде избран за претседател на Собранието на Република Македонија, го ставма на гласање.

Ве молам, да гласаме?

Со картички гласале вкупно 92 пратеници. За гласале 72 пратеници, воздржано не гласал никој, против гласале 20 пратеници.

Ве молам, пратениците што немаат картички да гласаат со дигање на рака.

Молам, кој е за да крене рака?(Никој)

Дали е некој против?

10 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека вкупно гласале 102 пратеници, 72 пратеници гласале за, воздржано не гласал никој, против гласале 30 пратеници.

Констатирам дке апратеникот Никола Поповски е избран за претседател на Собранието на Република Макеоднија.

(Аплауз)

Пратеникот Трајан Коцевски има деловничка интервенција.

ТРАЈАН КОЦЕВСКИ:

Сакам д аизразам сомневање во гласањето и согласно на член 94 од Деловникот на Собранието на Република Макеоднија, барам подршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега тоа е поинаку регулирано во Деловникот. Деловникот тоа не го дозволува. “Поединечно гласање може да се врши заради точно утврдување на резултатот од гласањето по барање на претседателот на Собранието, или на еден пратеник чие барање го подржуваат најмалку 10 пратеници само ако предлогот за кој се гласа добил до 5 гласови повеќе, или помалку од потребниот број гласови за негово донесување”. Од 61 има 11 повеќе, па по оваа одредба сега не е дозволено, не важи старата одредба од Деловникот по која работевме.

Дами и господа пратеници, почитувани гости, дозволете ми во ваше и во мое име да му го честитам изборот на претседателот на Собранието на Република Македонија господин Никола Поповски и да му посакам успех во работата.

Го молам претседателот на Собранието да даде свечена изјава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на РМ ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија.

(Аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Го молам претседателот на Собранието да ја потпише свечената изјава.

(Претседателот на Собранието ја потпишува свечената изјава).

Го молам, претседателот на Собранието да го заземе своето место.

(Аплауз)

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Почитувани пратеници, драги гости, почитувнаи екселенции, дозвоелте особено на пратениците да се заблагодарам за изборот, да се заблагодарам и на оние кои гласаа, и на оние кои не гласаа за мене и дозволете едновремено да ви го честитам изборот на сите 119 пратеници за пратеници со кои во наредниве 4 години се надевам тесно ќе соработуваме.

Наредниве 4 години Република Македонија ја очекуваат се надевам просперитетни години. Јас ви ветувам дека како претседател на Собранието на Република Макеоднија без разлика што мојот избор доаѓа од коалицијата “за Македонија заедно”, ќе се однесувам политички рамноправно и неутрално кон сите 120 пратеници. Ќе ве замолам и сите вас да ме подржите во тој мој напор, а јас ви ветувам дека ние сите 120 заеднички можеме во идните 4 години да обезбедиме поголем просперитет на Република Македонија. Македонија помина еден тежок период во изминатите 4 години. Сега не очекуваат 4 години во кои можеме да направиме сите заедно нешто повеќе. На крајот на краиштата не очекуваат бројни задачи на реформи во стопанскиот, во политичкиот систем, не очекува спроведување на оној дел од Рамковниот договор кој не е спроведен до крај, не очекуваат на крајот на краиштата и некои механизми во Уставот кои од пред неколку месеци во РМ се спроведуваат.

Собранието на Република Макеоднија би сакал со ваша подршка и за тоа ќе вложам максимални напори да го претвориме во институција која е соодветна на она што пишува во Уставот на Република Макеоднија, тоа да биде највисок политички дом на Република Македонија, дом во кој граѓаните ќе се огледуваат како на нешто примерно за својата држава. Сакам да изградиме институција која ќе има повисок

авторитет од она што го имаше досега кој ќе биде за углед на граѓаните и сите ние заеднички да им возвратиме на сите оние кои не избрале, со добри дела во овој Парламент. Се надевам дека Парламентот ќе биде исто така една од институциите која во идните 4 години тесно ќе соработува и билатерално и мултилатирално со Меѓународната заедница во спроведувањето на сите оние задачи кои таа од нас и ние од неа ги очекуваме. Се андевам исто така дека ќе бидеме добра законодавна власт, меѓутоа исто така дека ќе бидеме и дом кој ќе биде добар контролор на оние кои треба да ги избереме, претпоставувам на првата, или втората наредна седница како извршна власт. Меѓутоа,исто така би сакал законодавниот дом и извршната власт како и сите други органи кои се уставно врзани со Собранието да бидат органи кои тесно ќе соработуваат согласно Уставот и кои на тој начин ќе донесат просперитет за сите 2 милиони граќани.

И уште би сакал да порачам на сите оние кои го дале својот глас за новиот Парламент и на оние кои го дале гласот за оние партии кои не влегле во Парламентот, но сите гласачи и граѓани на Република Македонија дека ние ќе се трудиме и верувам дека ќе бидеме глас на сите нив, а не само на оние кои гласале за пратениците кои сме во Парламентот. Ни претстојат задачи кои се надевам дека ќе можеме успешно да ги оствaруваме. И затоа ќе барам помош и од вас, меѓутоа исто така мислам дека и ние сите заедно ќе треба да возвратиме на граѓаните на Република Македонија.

Ви благодарам уште еднаш за довербата.

(Аплауз)

Со ова констатирам дека првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија е затворена.

Од Стручните служби во Собранието известен сум дека по повод конституирањето на Парламентот организиран е мал коктел во холот на Собранието, па ве повикувам сите присутни тука и гостите од Меѓународната заедница да повелат на свечениот коктел.

(Седницата заврши во 19,30 часот.)